Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

УСЛОВИ ЗА РАБОТА

**ментор за стратешко планирање на граѓански организации**

## За проектот

Балкански млади: поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионалните практики за вработување е меѓународен проект кој се спроведува во Белгија, Црна Гора, Турција Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Северна Македонија. Главната цел на проектот е да придонесе за младински претприемачки можности и да ги зајакне перспективите за вработување на младите од Западен Балкан. Проектот започна да се имплементира во март 2020 година, а ќе трае до февруари 2023 година.

## За ангажманот

Менторот за стратешко планирање и менторот за финансиска одржливост е потребно да реализираат тродневен вебинар не подолги од 4 часа, во следните термини:

26.05.2021 (среда) од 10:00 до 13:00 **(за стратешко планирање)**

27.05.2021 (четврток) од 10:00 до 13:00 **(за стратешко планирање)**

28.05.2021 (петок) од 10:00 до 13:00 **(споделување на матрици и насоки за работа на стратешките документи)**

На вебинарите ќе присуствуваат претставници на 5 граѓански организации кои потоа во процесот на менторство ќе изработуваат стратешки план на своите организации, со поддршка и насоки од менторите. За реализација на вебинарите и финализирање на стратешките документи, менторот ќе има на располагање 12 експертски денови, кои треба да се искористат за постигнување на резултатите не подоцна од **30 јуни 2021 година.**

## Очекувани резултати

Се очекува менторот да ги исполни следните задачи:

- Подготовка на сесии за вебинарите и нивна реализација
- Споделување на матрици до пријавените организации за изработка на стратешки план
- Директно менторство на организациите за изработка на стратешки

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

- Коментари, насоки и финализирање на плановите кои ќе ги изработат граѓанските организации
- Подготовка на извештај за вебинарите и извештај за процесот на менторство на англиски јазик

**Потребни квалификации**

Менторот за стратешко планирање и менторот за финансиска одржливост се очекува да ги исполни следните критериуми:

- Минимум 3 години соодветно работно искуство во подготовка на стратешки планови и други стратешки документи за граѓански организации
- Искуство во граѓански сектор и во работа во граѓанска организација
- Искуство во работа со млади
- Запознаеност со релевантни закони, стратегии и документи за млади

**Начин на аплицирање**

Сите заинтересирани правни или физички лива потребно е дадостават документи до **17.05.2021 година**, на applications@nms.org.mk, со наслов **„Апликација за ментор – назив/име и презиме".** Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:

- Биографија на апликантот;
- Предлог методологија за реализација ангажманот (Анекс 1);
- Финансиска понуда (Анекс 2);
- Изјава за ексклузивност и достапност (Анекс 3);
- Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач за извршување на услуги за проектот (Анекс 4, доколку аплицира правно лице).